

# МАЗЕВ



# ПЕТАР МАЗЕВ

**Дела создадени во последните десет години (1983 – 1993)**

# PETAR MAZEV

**Works Created in the Last Ten Years (1983  1993)**

MUSEUMOFCO
NTEMPORARY
ARTSKOPJEM
УЗЕЈНАСОВР
ЕМЕНАТАУМЕ
ТНОСТСКОПЈЕ

***Музеј на современата уметност Скопје***
***Museum of Contemporary Art, Skopje, Republic of Macedonia***
***30. 09 – 30. 10 2005***
***Музеј - Галерија, Кавадарци / Museum, Kavadarci***
***октомври - ноември 2005***



Фотографија: Марин Димески

## Сликата како жртвен објект или Крварење на сликата

*"Културата секогаш била наднационална"*
Robert Musil, Essais, Seuil, Paris

Непосредно по годините кога Петар Мазев го напушта физичкиот контекст на нашето опкружување завладува молк или знак на презаситеност од неговото наметливо уметничко присуство. Беше потребен временски простор за обмисла, преиспитување, ревалоризација на неговиот раскошен опус,подеднакво, како и на неговото констатно влијание врз уметничките случувања во Македонија.
Кога временската дистанца (повеќе од десет години од неговата смрт) ги припитомува страстите и пристрасностите, се искристализира вистината во нејзината објективна форма. Денес, ретко кој би го оспорил фактот, дека станува збор за митска фигура, за култна личност во македонското сликарство. Петар Мазев беше и продолжува да биде парадигма и духовен предводник на голем број македонски сликари родени, пред сè, во четириесеттите, педесеттите и шеесеттите години на 20. век. Оние поединци од генерациите воспитувани под неговата аура, што се оформуваат како автономни личности, не се следбеници на неговиот експлицитен ракопис, туку на неговата експлицитна вештина на владеење со сликарскиот феномен, на неговата харизма.

Пробивниот звук на сликарството на Петар Мазев допира и до уметничките кругови во републиките на некогашна Југославија, со продолжено ехо на местата во светот кадешто се претставува, а пред сè, во САД. Џон Расел во The New York Times ги запознава Американците со "неодоливата енергија на неговите слики" [1]. За поблиску да го дефинира го споредува со Френсис Бејкон и со Вилијам Де Кунинг. Истото го прави во Питсбург и критичарот Хари Шволб. Во списанието Art укажува на "изненадувачки суптилните изразности на лицата" [2] во платната на Мазев. Во некои аспекти тој дури му дава и предност на нашиот сликар, во споредба со Де Кунинг и со Џексон Полок.

*

Оваа изложба се усредоточува на последните десет години од создавањето на Мазев. Најголемиот дел од делата за прв пат се изложува. Мислам, дека сега е моментот, во оваа, како што веќе споменав, порелаксирана атмосфера, да ѝ се даде на увид на јавноста, она што повеќе од деценија трпеливо го чекаше својот миг во неговото ателје. Насликани во период на растечко несогласување со состојбите во непосредната средина и на суровата семејна драма – загубата на неговиот постар син, сликарот Константин Мазев – најчесто за време на неговата доброволна изолација на брегот на Дојранското Езеро, предложените слики, по сила на травматичниот контекст, не можеле да бидат исти како претходните. Градени се со боја /материја натопена со претчувство на трагедија и слом, со безгранична болка и отсуство на иднина. Сликарските постапки ја следат оваа линија на душевно страдање на најочевиден начин. Треба посебно да се раскажува за проседеата, зашто се особени и автохтони, без разлика на нивните визуелни релации со Пикасо или со Де Кунинг. Сродноста е само мамка, илузија, бидејќи генезата е друга, инкомпатибилна со онаа на споменатите сликари. Петар Мазев анатомски ги раствора човечките тела врз сликарското платно. Нивната мускулатура, тетивите,

распарчените органи и сл. се поставени all over, како грунд – база. Потоа во засирената боја на оваа голема рана, вешто ги исцртува мачните претстави на неговото вознемирено битие: контурите на главите, или деловите од лицето, а ретко и по некој од екстремитетите. Од хаосот и уништеното се обидува да ја реконструира изгубената стварност. Онаму каде што сликарската материја не е бесформно петно се јавуваат особено широки потези (на одредени места со зафат на една третина од платното), силно вертикално насочени, цедејќи ја и сврзувајќи ја течечката материја со хоризонталата на почвата. Насоката на движење на бојата, согласно логиката на земјината тежа, не е во функција на привидна виталност, туку е враќање во утробата на земјата. Хроматиката на спојување со неонтолошкото е оловно сината, црвената на згрутчената крв, зелените што наместо на мугрите реферираат на самракот, белата како замена за излачувањата. Линеаризмите, алтернативно употребувани како нагласена дебела контура и како нежна мрежа, апостериори дејствуваат врз безобличната маса, извлекувајќи остатоци на живот со минимум интервенции.

Особено впечатливи во оваа смисла се цртежите. Црно-бели со акценти на краплак или зелено, односно сино, тие користат растревожена и растреперена линија. Нејзината градба внесува нов систем во познатите кодови на тантелата или на пајаковиот строеж. Се добива впечаток на човечка претстава вградена во мрежа, а потоа притисната до распрснување, при што и фигурата и мрежата се преустројуваат во антипод на симетријата и хармонијата. Цртежот само нè заведува во полето на асоцијациите, навестува дека појавноста на нештото е можно само како асоцијација, сениште, привид, деконструкција, како неспособност за ревитализација. Човечките ликови, потонати во густа црна каша, се спојуваат со инсекти, птици и со некакви недефинирани формации или со сложени органско-неоргански механизми.

Фасцинантен е начинот на кој Петар Мазев извлекува впечатливи ликови од искрвавената и коагулирана магма на грундот, само со скржава употреба на графизмите, со неколку енергични и еруптивни гестови (карактеристични и за неговата обична комуникација со соговорниците). Тешко е да се зборува за неговата вештина на проникнување во психологијата на ликовите, кога се има предвид минималистичката економија на ликовните елементи што ги користи. Во тажните физиономии (со констерниран поглед и со назабени вилици) е поставена ироничната насмевка, пркосењето на смртта, како последен предизвик на стварноста. Галеријата, на не-лица, не-глави, не-портрети, на психолошки диверзитети, е концентрирана, пред сè, врз очите што демнат од сите агли на платното, расфрлани како симулација на сопствената изгубена моќ да се господари со нештата. Состојбата на индивидуален шок е проектирана во овие себе-рефлектирачки погледи. Дисперзијата на очите низ сликите јасно ни ја сугерира неговата неизлечива траума, беспомошно го бараат нашето содејство или сочувство, се фаќаат за публиката како за последна сламка на избавување од душевниот кошмар. Сугестивноста на неговиот крик не може да се избегне, бидејќи најискрено е создаден од материјалот на чувства. И кога го набљудуваме и толкуваме ова творештво, неизбежно е да влеземе во сферите на емоциите. Примената само на рациото ќе ни го спречи вистинскиот пристап, ќе го осиромаши автентичното оценување на сликите, толку високо поставени од ликовен аспект ако се има предвид основниот поттик за нивното создавање.

Во оваа смисла ќе се запрашаме, што се случило во временското растојание од 1955., годината на неговата *Црвенокоса*, до *Црвенокосата 2,* насликана пред неговата смрт во 1991 година? Каква трансформација и немир го расточиле стегнатиот корпус на сликата од 1955 година, која сила на интимниот труст ги направила овие две слики едновремено слични и различни? Несомнено, душевната ерозија е таа енергија која влијаела врз разградувањето на компактноста на претставата. Семоќта или апсолутната моќ на чувствата – најчовечката оска во сликарот – во случајот на Мазев ја одредила судбината на двете дела.

Глобалното видување на неговиот опус најчесто се врзува за експресионизмот. Меѓутоа, сега сакам да ја нагласам и релацијата на неговата слободна фигурација со своевиден нео- романтизам. Последниов не е отуѓен од внатрешната длабочина и личната тајна, од “парадигмата на душата”, бара автентична проекција на субјектот во уметничкото дело, не се откажува од феноменот на оригиналноста. Во оваа смисла Мазев е романтичар во визуелно неексплицитниот слој на сликата, а во екстровертниот, репрезентирачкиот аспект, колку и да звучи несврзливо, тој е близок до нео-барокниот исказ. Токму затоа и споредбите на неговите дела, особено од последните години, со оние на групата *Кобра*, на сликарите Пикасо, де Кунинг, Бејкон или Полок, претставуваат надворешни ориентири, реторички вежби: читање на сликите во горниот, површинскиот слој.
Факт е дека Мазев раскинува со линеарното сфаќање на историјата на уметноста. Во неговите користења на цивилизациската традиција се вкрстуваат различни култури. Колку и да беше голем Македонец, тој создаде наднационално сликарство, во кое вгради одредени форми на националниот дискурс (елементи од фреско сликарството, иконописот, паганските ритуали и морфолошки аспекти на поднебјето). Методологијата на нехронолошко селектирање на културни предизвици од различни страни на светот е во функција на сврзник меѓу ендемската семантика и нео постапките на експресионизмот, романтизмот и барокот.
И како што реков, бојата на неговиот романтизам не ја исклучува врската со барокот. Иместувањето на центарот на композицијата, карикатуралноста на фигурите, надминувањето на доследноста кон стилските, жанровските и кодовите на симетријата или стабилноста, кршењето на правилата, го вклучуваат во главниот тек на занесот, страста, неумереноста, трескавичноста, патетиката, растревоженоста и ликовната ароганција. Овие означености упатуваат на претераности, особени за барокот, кои кулминираат во екстаза / вртоглавица, во центар на допир меѓу светото и телесното. Познатиот историчар на уметноста Ги Скарпета, прашувајќи “зошто барокот е современ?”, одговара: “Затоа што на крајот на краиштата, нѐ извлекува од романтичната психологија. Затоа што ги рехабилитира страстите на заведување и смислата за игра”[3].

Екстазата, специфична за нео-барокот, е обединувачка алка во тријадата: еротика – светост – принесување жртва. Запрашан како би изгледал за него еден идеален празничен ден, Пикасо рекол: “Наутро молитва, попладне корида, навечер бордел”. Овој јазичен сублимат совршено ги поврзува двете, само навидум посебни и контрадикторни, сфери. Треба ли да се потсетиме на тоа, колку се во релација црквените обреди со она што потоа се случува со насобраниот народ на плоштадите пред светите храмови, кога и како завршуваат големите празници на крајот на

денот? Или колку биле одделени, односно сплотени, молитвите за плодородие со жртвувањето животни или луѓе и општонародните веселби во паганските обреди? Вистинските празници, вклучително и верските, задолжително се и љубовни игри, раскош, пијанство, занес, сладострастие, изобилство на крв. Поводот да се оди во црква, да се верува, е компатибилен со повикот на телата. Екстазата е заедничка и за молитвата и за жртвувањето и за еросот. Во диференцијациите на видовите еротизам што ги прави Жорж Батај [4], се наведуваат еротизмот на телото, на срцето и на сакралното. Оваа поделба е мошне корисна во анализата на последните слики на Петар Мазев. Позната е неговата блискост со овие видови на еротизам. Меѓутоа, ако во неговите дела до 1980 година доминираа еротизмот на телото и на срцето, во сликите направени во годините пред неговата смрт како доминантен се јавува еротизмот на светото. Сликата *Курбан* (1978) го содржи занесот од жртвениот ритуал на животните во весела, разиграна форма, позната од сликите од типот на *Адам и Ева*. По моментите на неговиот срцев слом, љубовта постепено се заменува со религиозен занес. Сликата *Оплакување* (1990) открива чудовишна легната фигура во форма на ларва, над која се издигнува несразмерната глава на избезумена жена. Понатаму, во неколку други слики, метафорички го оликовува не-битието. Едно друго оплакување претставува огромно црно петно на кое со жолти линии се дефинирани контурите на луѓето потонати во лелек. Вистинскиот, тактилниот, контакт на Мазев со смртта понагласено го менува карактерот на неговата екстаза. Сега сликата станува едновремено олтар и жртвеник. На нејзината подлога е поставена раздробената утроба на авторот, која едновремено станува и Христово тело и жртвувано животно. Мазев со сета сила настојува да ја активира пасивната состојба на платното. Со влегувањето на неговата креативна енергија во внатрешноста на сликата како да го постигнува партнерскиот однос со неа, ја ублажува болката, целејќи кон рехабилитација на уметничкиот и човечкиот интегритет. Патот на страста, без разлика на нејзиното потекло (еротско, теолошко, лудичко), го има како завршница страдањето, "бидејќи во основа страста е трагање по невозможното"[5].

Судбината во континуитет ги определува свртувањето и трансформацијата на сликарството на Мазев, од евдемонизмот на зората, играта со линијата и хроматизмот, во есхатолошката густина на материјата со вкус на неонтолошкото. Нашата верба во неговите хедонистички слики на љубовта и среќата го има континутетот и во бравурозните семантички замени, во ликовната материјализација на неговото истрауматизирано битие, иманентни на делата создадени во последната декада на неговите живот и творештво. Но, можеби тие, зачувувајќи ја познатата ликовна вредност, сега, како форми на речиси апсолутна идентификација со авторот, поавтентично од претходните слики, ни зборуваат за допирот до најекстремните слоеви на човечкото страдање, кое по ЕСХАТОЛОГИЈАТА ВО СЛИКАТА, се остварува како дефинитивно физичко упокојување и на маестро Петар Мазев.

*Соња Абаџиева*

[1] John Russel, Petar Mazev, The New York Times, New York, February 13, 1981
[2] Harry Scwalb, Gallerymania, Art, Pittsburg, July 1981
[3] Види: Guy Scarpetta, L'Artifice, Bernard Grasset, Paris, 1988, односно Ги Скарпета, Повратак барока, Светови, Нови Сад, 2003, стр. 26
[4] Georges Bataille, L'Erotisme, Minuit, Paris; Žorž Bataj, Erotizam, BIGZ, 1980
[5] Ibidem, 25

## **Петар Мазев,** биографија

Роден 1927. во Кавадарци, починал 1993. во Скопје. Завршил Академија за ликовни уметности 1953. во Белград во класата на проф Зора Петровиќ. Истата година станува член на ДЛУМ и почнува со излагање на групни и самостојни изложби.
Студиски престојувал во повеќе европски земји.
1959. станува професор на Архитектонскиот факултет во Скопје а во 1980. избран е за професор на Факултетот за ликовни уметности во Скопје каде што останува сè до пензионирањето. Добитник е на многубројни награди, меѓу кои: "Сапиро" во Париз (1959), "11 октомври" (1961), "13 ноември (1965), "Никола Мартиновски" за цртеж (1981), награда за сликасрво на СЛУЈ (1981), награда за сликарство на ДЛУМ (1987) и др.

**Самостојни изложби:**

**1958** Скопје, Дом на културата на ДСВР ( со Драгутин Аврамовски )
Куманово, Работнички универзитет (со Драгутин Аврамовски)
**1959** Скопје, Дом на културата на ДСВР ( со Иван Велков и Спасе Куновски )
**1960** Скопје, Дом на културата на ДСВР (со Спасе Куновски)
**1963** Кавадарци, Фискултурен дом
**1966** Скопје, Музеј на современата уметност (Салон на "Ѓуро Салај")
**1968** Скопје, Сарај, Ателје на Петар Мазев, *Вечер на музика, поезија и сликарство*
**1970** Скопје, Уметничка галерија
**1973** Скопје, Сарај, Ателје на Патер Мазев, *Вечер на амбиентална уметност* (со Симон Шемов)
**1976** Скопје, Музеј на современата уметност
**1981** Њујорк, Културно-информативен центар на Југославија
Питсбург, Russian Images Gallery
**1982** Скопје, Уметничка галерија
Струга, Струшки вечери на поезијата
Ниш, Изложбен павилјон и "Салон 77"
**1983** Кавадарци, Хол на салата на на ДТВ Партизан
Сараево, Galerija " Roman Petrović "
Загреб, Galerija " Forum"
Бања Лука, Изложбен салон на Домот на културата
**1984** Охрид, Хотел "Метропол"
**1985** Скопје, Центар за култура и информации,
"*Љубов во пеколот* ", гвашеви,
**1987** Врњачка Бања, Културен центар " Замак културе "
Белград, Галерија " Вид " (цртежи),
Галерија на Домот на младите (слики)
Младеновац, Галерија " Вид " ( слики и цртежи)
Струга, Народен музеј
Струга, Спомен дом на браќата Миладиновци
Скопје, Салон на ДЛУМ и Ателје – Сарај, *Игра со боја*
**1988** Скопје, Галерија " Компас "
**1989** Љубљана, Galerija " Kompas "
**1990** Скопје, Музеј на современата уметност, Монографско - ретроспективна изложба
Велес, Ликовен салон
Куманово, Уметничка галерија
Виена, Kleine Galerie (со Боро Митриќески и Јожеф Муховиќ)
**1991** Струга, Хотел " Дрим "
**1992** Скопје, Културно-информативен центар за демилитаризација, Ликовен портрет на Петар Мазев
Скопје, Галерија Стоби
**1998** Скопје, Музеј на современата уметност "*Genesis*" (со Петар Лубарда )
**2001** Струмица, Манастир "Св. Јоаким Осоговски", Изложба на дела создадени на ликовната колонија "Св. Јоаким Осоговски"
**2005** Скопје, Музеј на современата уметност

**Групни изложби:**

**1953**
Скопје, Уметничка галерија, *VIII изложба на ДЛУМ*
**1954**
Скопје, Уметничка галерија, *IX изложба на ДЛУМ*
**1954/55**
Загреб, UmjetniÉki paviljon, *Изложба на ДЛУМ*
**1955**
Љубљана, JakopiÉev paviljon, *Изложба на ДЛУМ*
Копар, *Изложба на ДЛУМ*
Сараево, *Изложба на ДЛУМ*
Гостивар, Изложба на ликовните уметници на Македонија
Александрија, *I медитеранско биенале на ликовните уметници*
Скопје, Уметничка галерија, *X изложба на ДЛУМ*
**1956**
Љубљана, Moderna galerija, *Изложба на СДЛУЈ*
Скопје, Клуб на уметници, *Графичка изложба на шестмината*
Милано, Famiglia artistica, *Млади југословенски уметници*
Белград, Галерија на графичкиот колектив, *Мајска изложба на графика*
Сараево, Изложбен павилјон, *Сојузна изложба на ликовните уметници на Југославија (по повод на IV конгрес)*
Скопје, Дом на културата на ДСВР, *Изложба на Петмината*
Скопје, Уметничка галерија, *XI изложба на ДЛУМ*
**1957**
Скопје, Уметнички павилјон, *I графичка изложба на ДЛУМ*
Скопје, Уметничка галерија, *I пролетна изложба на ДЛУМ*
Дубровник, UmjetniÉka galerija, *Современа југословенска уметност*
Мексико Сити, Museo Nacional de Artes Plasticas, *Современа југословенска графика*
Пекинг, Шангај, Современа југословенска графика
Белград, Графички колектив, Современа македонска графика
Белград, Уметнички павиљон на Малом Калемегдану, *Изложба на ДЛУМ*
Скопје, Уметничка галерија, *XII изложба на ДЛУМ*
Загреб, UmjetniÉki paviljon, *Изложба на ДЛУМ*
**1958**
Скопје, Уметнички павилјон, *II графичка изложба ДЛУМ*
Скопје, Уметнички павилјон, *II пролетна изложба на ДЛУМ*
Загреб, UmjetniÉki paviljon, *II изложба на графика на СЛУЈ*
*Скопје*, Уметнички павилјон, *II изложба на графика на СЛУЈ*
Охрид, *II изложба на графика на СЛУЈ*
Белград, Културно-просветно веће Југославије, *Современа југословенска графика* (патувачка изложба низ Југославија, од јуни 1958)
Скопје, Уметнички павилјон, *XIII изложба на ДЛУМ*
Париз, Модерна галерија, *Младо француско сликарство*
**1959**
Ленинград, Ермитаж, *Современа југословенска графика*
Киев, Современа југословенска графика
Москва, Изложбени простории на мостот Кузњецки, *Современа југословенска графика*
Скопје, Уметнички павилјон, *15 години ликовно творештво во Македонија*
Титоград, Уметнички павиљон, *Современа македонска уметност*
Белград, Уметнички павиљон, *Современа македонска уметност*
Скопје, Уметнички павилјон, *XIV изложба на ДЛУМ*
**1960**
Скопје, Уметнички павилјон, *I изложба на групата " Мугри "*
Скопје, Уметничка галерија, *Македонски пејзаж 1950 - 1960*
Скопје, Уметнички павилјон, *IV пролетна изложба на ДЛУМ*
Скопје, Уметнички павилјон, *XV изложба на ДЛУМ*
Нови Сад, Градска изложбена галерија, Современа македонска уметност
**1961**
Белград, Уметнички павиљон на Малом Калемегдану, *Изложба на*

*групата Мугри*
Скопје, Уметнички павилјон, *V пролетна изложба на ДЛУМ*
Белград, Београдски сајам, *I триенале на југословенските ликовни уметници*
Скопје, Уметнички павиљон, *Изложба на групата Мугри*
Скопје, Галерија на Дом на ЈНА, *НОВ во делата на ликовните уметници*
Прилеп, Дом на ЈНА, *Изложба на ДЛУМ посветена на 20 годишнината од народната револуција*
*Скопје,* Уметнички павилјон, *XVI изложба на ДЛУМ*
**1961/62**
Александрија, Musée des Beaux-Arts, *IV медитерански биенале на ликовните уметности*
**1962**
Скопје, Галерија Работнички дом, Збирка на ликовни дела
Скопје, Уметничка галерија, *Македонски портрет XIX и XX век*
Загреб, Уметнички павиљон, Изложба на ДЛУМ
Битола, Уметничка галерија, *ДЛУМ - Современа македонска уметност*
Дижон, Cellier de Clairvaux, *Современа македонска уметност*
Белград, Галерија Дома ЈНА, *Ликовни уметници од Скопје (Ѓорѓиевски, Куновски, Мазев, Митриќевски )*
Ниш, Павиљон на Тврѓави, *Современа македонска ликовна уметност*
Охрид, Работнички универзите, *Ѓорѓиев, Куновски,Мартиноски, Мазев, Митриќевски*
Скопје, Уметничка галерија, *Скопје низ ликовни дела*
Скопје, Уметнички павилјон, *XVII изложба на ДЛУМ*
**1963**
Белград, Галерија Дома ЈНА, *Шијаковиќ, Мазев, Кондовски, Ивковиќ, Хаџи - Бошков ( заедничка изложба )*
Брисел, Galerie d' Egmond, *Изложба на уметници од Скопје*
Лозана, *Современа југословенска уметност*
**1964**
Белград, Београдски сајам, *II југословенско триенале на ликовните уметници*
Скопје, Работнички дом, *10 македонски уметници учесници на II југословенско триенале на ликовните уметници во Белград*
Скопје, Уметничка галерија, *Пролетна изложба на ДЛУМ*
Охрид, Народен музеј, *Пролетна изложба на ДЛУМ*
Лондон, Turst Centre of Yougoslavia, *Изложба на уметници од Скопје*
Брадфорд, Museum and Art Gallery, *Изложба на уметници од Скопје*
Словењ Градец, Umetnostni paviljon, *Македонски ликовни уметници*
Скопје, Уметничка галерија, *Есенска изложба на ДЛУМ*
Охрид, Народен музеј, *Современа југословенска уметност*
Штип, Народен музеј - Безистен, *Современа македонска уметност*
**1965**
Рим, Galleria Penelope, *Уметноста во Македонија, денес*
Скопје, Уметничка галерија, *Изложба на тринаесетмината*
Скопје, Сала на Собранието на СРМ, *ДЛУМ - Современа македонска уметност*
Скопје, Уметничка галерија, *Пролетна изложба на ДЛУМ*
Лисоне, *XIV Premio Lissone*
Охрид, Уметничка галерија, *10 современи македонски уметници*
Скопје, Музеј на град Скопје, *Скопје 63' низ ликовни дела*
Струмица, Работнички универзитет, *Дела од струмичката ликовна колонија*
**1966**
Скопје, Работнички дом, *Дела од збирката на Галеријата при Работничкиот дом-универзитет*
Нирнберг, Franksche Galerie, *Шест југословенски уметници*
Штудгарт, Stuttgarter Rathaus, *Шест југословенски уметници*
Западен Берлин, *Шест југословенски уметници*
Торино, Galleria d'Arte Botero, *Современа македонска уметност*
Париз, *Есенски салон ( Salon d'Automne )*
Чачак, Уметничка галерија " Надежда Пертовић ", *IV меморијал "Надежда Петровић "*
Велес, Народен музеј, *НОВ и Револуцијата во делата на македонските ликовни уметници*
Скопје, Уметничка галерија, *XXI изложба на ДЛУМ*
**1966/67**
Штип, Народен музеј - Безистен, *Современо југословенско сликарство*
**1967**
Скопје, Работнички дом, *Современа македонска уметност-актуелни тенденции*
Скопје, Музеј на современата уметност, Подарени дела-јули 1966-јули 1967
Струга, Спомен Дом на браќата Миладиновци, *Ликовно-поетски салон на СВП*
Белград, Београдски сајам, *III триенале на југословенските ликовни уметници*
Скопје, Уметничка галерија, *XXII изложба на ДЛУМ*
**1967/68**
Багдад, Бејрут, Триполи, *Современа југословенска уметност*
**1968**
Скопје, Уметничка галерија, *Наше минато*
Скопје, Уметничка галерија, *Изложба на ДЛУМ*
**1969**
Белград, Музеј савремене уметности; Сараево, Umjetnička galerija; Загреб, Moderna galerija, *Современа македонска уметност - сликарство, скулптура, објекти*
Ферара, Chiesa di San Romano, *Изложба на македонски уметници*
Кавадарци, Народна библиотека Феткин, *Ликовно-поетски средби*
Словењ Градец, Umetnostni paviljon, *Ангажираната уметност во Југославија*
Фиренца, *XIX меѓународно биенале*
Скопје, Уметничка галерија, 25 години АСНОМ
Скопје, Уметничка галерија, *XXIV изложба на ДЛУМ*
**1970**
Скопје, Уметничка галерија, *Моето сакано дело*
Ним, Museé des Beaux Arts; Шел,Centre Culturel de la ville de Chelles, Брест и Париз, *Десет македонски сликари*
Скопје, Музеј на современата уметност, *Прва постојана поставка*
Скопје, Уметничка галерија, *XXV изложба на ДЛУМ*
**1971**
Скопје, Музеј на современата уметност, *Дела на македонските уметници од колекцијата на МСУ, Скопје*
Белград, Галерија Дома ЈНА, *III изложба на НОВ во делата на југословенските ликовни уметници*
**1971/72**
Скопје, Уметничка галерија и Музеј на современата уметнос, *Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници*
**1972**
Чачак, Уметничка галерија " Надежда Петровић",
*"Меморијал Надежда Петровић "*
**1973**
Пекинг, Голем изложбен хол, *НОВ во делата на ликовните уметници од Југославија*
Куманово, Уметничка галерија, *Поставка на ликовни дела*
**1974**
Винковци, Galerija umjetnosti, *Современо македонско сликарство ( од збирките на Народниот музеј, Охрид)*
Скопје, Музеј на современата уметност, *Револуционарното минато во македонската уметност*
**1975**
Вуковар, Gradski muzej, *Современо македонско сликарство (од збирките на Народниот музеј, Охрид)*
Скопје, Галерија на Домот на ЈНА; Велес, Народен музеј, *НОВ во делата на македонските ликовни уметници*
Мексико Сити, Музеј на модерната уметност, *Современа југословенска уметност*
Сараево, Skenderija, *Современа југословенска уметност*
Скопје, Уметничка галерија, *XXX изложба на ДЛУМ*

**1976**
Гвадалахара, Сан Луис Потоси ( Мексико ), *Современа југословенска уметност*
Сомбор, Градски музеј, *Ликовна есен - Момент на југословенското сликарство 76*
Скопје, Музеј на современата уметност, *Аквизиции од РЗК*
**1977**
Атина, Ethiniki Pinakotiki - Alexander Soutzos Museum, *Современа југословенска уметност*
Скопје, Музеј на современата уметност, *Македонски пејзаж*
Париз, Musèe d' Art Moderne de la ville de Paris, *Современо македонско сликарство*
Ниш, Павиљон на Тврђави, *Изложба на дела од Сиќевачката колонија*
Скопје, Музеј на современата уметност, *XXXII изложба на ДЛУМ*
**1978**
Грац, Neue Galerie am Landesmuseum Joaneum, *16 современи македонски сликари*
Скопје, Музеј на современата уметност, *Современа македонска ликовна уметност*
Скопје, Филозофски факултет, *Колективно создавање на монументална слика*
Бања Лука, Дом културе, *Современа македонска уметност*
Тетово, Дом на културата, *Современа македонска уметност (од колекцијата на МСУ)*
Скопје, Музеј на современата уметност, *XXXIII изложба на ДЛУМ*
**1979**
Брадфорд, Cartwright Hall - Museum and Art Gallery; Лондон, *10 современи македонски уметници*
Скопје, Центар за култура и информации, *Скопје во делата на македонските ликовни уметници*
Скопје, Републичка комисија за културни врски со странство, *20 македонски ликовни уметници*
Скопје, Музеј на современата уметност, *XXXIV изложба на ДЛУМ*
**1979/80**
Дубровник, UmjetniÉka galerija; Љубљана, Moderna galerija, Сараево, Collegium Artisticum; Белград, Павиљон "Цвијета Зузорић"; Приштина, Галерија уметности; Скопје, Музеј на современата уметност, *15 современи македонски ликовни уметници*
**1980**
Рим, Palazzo delle Espozicione, *15 современи македонски уметници*
Белград, Галерија " Видиковац ", *Скопје во делата на ликовните уметници*
Белград, Музеј савремене уметности, *Југословенско сликарство на шестата деценија*
Скопје, Музеј на современата уметност, *Подарени дела 1971- 1980*
**1980/81**
Скопје, Музеј на современата уметност, *XXXV изложба на ДЛУМ*
**1981**
Скопје, Музеј на современата уметност, *НОВ и социјалистичката револуција во делата на југословенските ликовни уметници*
Скопје, Етнолошки музеј, *Народниот живот во творештвото на македонските ликовни уметници*
Скопје, Музеј на современата уметност, *7. изложба на СДЛУЈ*
Скопје, Уметничка галерија, *XXXVI изложба на ДЛУМ*
Бања Лука, Изложбен салон на Домот на културата, *Есенски салон-локалното и глобалното во современата уметност на Југославија*
Цетиње, Уметнички музеј, 15 јубилејна изложба на *Ликовениот салон "13 Ноември"*
Берлин, Neuen berliner Galerie im Alten Museum, *Југословенски сликари 1950-1965*
**1981/82**
Скопје, НУБ " Климент Охридски "; Куманово, Уметничка галерија; Струмица, Р.У." Јосиф Свештарот"; Тетово, Дом на културата, *ДЛУМ - цртеж*

**1982**
Љубљана, Likovno rastavièÉe Rihard JakopiÉ*, Сликарството во Југославија - современици*
Скопје, НУБ " Климент Охридски "; Куманово, Уметничка галерија; Белград, Графички колектив, *13. графичка изложба на ДЛУМ*
Струмица, Работнички универзитет, *Изложба на дела од Сиќевачката колонија*
Охрид, Дом на културата "Григор Прличев", *Поврзаноста и заемноста на традицијата и на современата ликовна уметност*
Скопје, Музеј на современата уметност, *Современа македонска уметност*
Скопје, Изложбени простории на НИП "Нова Македонија", *Изложба по повод годишнината на "Вечер"*
Скопје, Уметничка галерија, *XXXVII изложба на ДЛУМ*
Скопје, Музеј на современата уметност, *Аквизиции*
**1983**
Скопје, Музеј на современата уметност, *Подарени дела на МСУ 1963 - 1983*
Сомбор, Галерија " Милан Коњовић ", *XXIII Ликовна есен*
**1984**
Скопје, Галерија на Дом на младите " 25 мај ", *Нови ликовни појави во македонската ликовна уметност во последната деценија*
Скопје, Центар за култура и информации, *Македонско минијатурно сликарство'84*
Скопје, Музеј на современата уметност, *40 години македонско ликовно творештво*
Скопје, Македонски народен театар - фоаје, *Македонски ликовни уметници*
Скопје, Студио Б, *Ноемвриски салон*
**1985**
Штутгарт, Rathaus, *13 современи македонски уметници*
Сараево, Collegium Artisticum, *Поглед на осумдесеттите. Витално-отворено*
Сомбор, Градски музеј, *Ликовна есен - Индивидуалност, континуитет, актуелност*
Скопје, Музеј на Македонија, *Експресија, гест, акција*
Белград, Музеј савремене уметности, *Југословенска графика 1950 - 1980*
Скопје, Музеј на современата уметност, *Четири македонски ликовни уметници - добитници на Повелбата на културата на РЗК*
Карловац, Галерија "Вјекослав Карас", *Биенале на југословенскиот акварел*
Ниш, Изложбен простор, *Биенале на југословенскиот акварел Карловац '85*
**1986**
Сараево, Galerija " Roman Petrović ", *"Галерија над Атлантиком"*
Белград, Павиљон "Цвијета Зузорић", *Биенале на југословенскиот акварел Карловац '85*
Нови Сад, Галерија савремене уметности; Сараево, UmjetniÉka galerija; Скопје, Музеј на современата уметност; Марибор, Umetnostna galerija; Љубљана, Moderna galerija; Загреб, Galerija suvremene umetnosti; Приштина, Галерија уметности; Цетиње, Умјетнички музеј СР Црне Горе, *Југословенска графика 1950 - 1980*
Панчево, Центар за културу "Олга Петров", *Сликарство на зрелата страст*
Скопје, Скопски саем, *Современи македонски уметници од збирките на МСУ, Скопје*
Скопје, Музеј на современата уметност, *Аквизиции од РЗК*
Скопје, Уметничка галерија, *Дела од Меѓународната струмичка колонија*
Скопје, Музеј на Македонија, *Илинден, НОВ и Револуцијата во делата на македонските ликовни уметници*
Скопје, Центар за култура и информации, *Еротизмот во современата македонска ликовна уметност*
Багдад, Musée des Beaux Arts, *Багдадски меѓународен фестивал на уметноста*

Чачак, “*Меморијал Надежда Петровиќ*“
Куманово, Уметничка галерија, *Современи македонски сликари (од колекцијата на МСУ)*

**1987**
Скопје, Музеј на Македонија, *Геометризмот и неговите видови во македонското сликарство*
Атина, Ethniki Pinakotiki - Alexander Soutzos Museum, *Современа југословенска уметност*
Скопје, Уметничка галерија, *XLII изложба на ДЛУМ*
**1988**
Скопје, Музеј на современата уметност, *Аквизиции од РЗК*
Струга, Спомен дом на браќата Миладиновци, *Изложба на минијатури*
Белград, Београдски сајам, *VI белградско триенале на југословенските ликовни уметници*
Пријепоље, *Изложба на 15. милешевска сликарска колонија*
Скопје, Салон на ДЛУМ, *Дела од колонијата “ Јоаким Осоговски”*
Прилеп, Дом на културата “Марко Цепенков”, *Уметнички дела создадени на ликовните манифестации на Центарот за современа ликовна уметност во 1988 година*
Скопје, Уметничка галерија, *Македонска ликовна уметност 1948-1988*
**1989**
Скопје, Музеј на современата уметност, *Аквизиции на РЗК*
Скопје, Музеј на современата уметност, *Уметникот пред судбината на XX век*
Чачак, Уметничка галерија “Надежда Петровиќ”, “*Меморијал Надежда Петровиќ* “
Белград, Дом на советската култура, *Изложба на дела подарени на Ерменија*
Љубљана, Mestna galerija, *Ликовни мугри на Македонија*
Скопје, Уметничка галерија, *XLIV изложба на ДЛУМ*
Сараево, Skenderija, *Југословенска Документа*
Штип, Уметничка галерија, *Современа македонска уметност (од колекцијата на Заводот-Музеј, Штип)*
**1989/90**
Прага, *Современа македонска графика*
**1990**
Белград, Уметнички павиљон “Цвијета Зузориќ”, *5х3, Избор ‘90*
Белград, Галерија ФЛУ, *Генерација ’53*
Скопје, Салон на ДЛУМ и ДЛУПУМ, *Дела од колонијата “Јоаким Осоговски”*
Скопје, Галерија “Глам”, *Есенски ликовен салон*
Мелбурн, Галерија на државната банка на Викторија, *Девет современи уметници*
**1991**
Скопје, Галерија ДЛУМ, Студио Пановски, *Графики*
Скопје, Музеј на свремената уметност, *Нова постојана поставка*
Охрид, Галерија на икони, *Современо југословенско сликарство (од збирката на Заводот и Музејот, Охрид)*
Скопје, Клуб на писатели, *Изложба на слики и графики*
**1991/92**
Софија, Художествена галерија при МФ “Св.Св. Кирил и Методиј”, *Современа македонска уметност*
**1992**
Скопје, Музеј на современата уметност,*14 македонски уметници во 80-те*
Скопје, Музеј на современата уметност, *Апстрактното сликарство во Македонија 1960-1990*
Скопје, Салон на ДЛУМ, *Дела од колонијата “Јоаким Осоговски”*
Скопје, Уметничка галерија, *I Зимски салон*
**1993**
Стокхолм, Галерија “Рабаткорт”, *Саем на уметноста ( во организација на Галеријата “Стоби” од Скопје)*
Скопје, Музеј на град Скопје и Изложбен салон на ДЛУМ, *Омаж на петмината починати уметници во 1993 година*
Кавадарци, *13 тиквешки ликовни уметници*

**1994**
Скопје, Музеј на современата уметност, *Антологија на македонската ликовна уметност 1894-1994*
Скопје, Уметничка галерија, *III Зимски салон , In memoriam*
Скопје, Салон на ДЛУМ, *Скопје-Париз*
**1995**
Париз, Spadem-Parvi, *12 македонски современи сликари* (изложба на македонската секција на AICA)
Скопје, Уметничка галерија, *12 македонски современи сликари* (изложба на македонската секција на AICA)
Скопје, Музеј на град Скопје, *Студио Б и неговите автори*
**1996**
Рим, Palazzo Ruspoli, *Аспекти на македонската уметност денес* (изложба на македонската секција на AICA)
Подгорица, *Центар за современа ликовна уметност, Аспекти на македонската уметност денес* (изложба на македонската секција на AICA)
Скопје, Уметничка галерија, *Портетот-тематски предизвик (од колекцијата на Уметничката галерија)*
Скопје, Уметничка галерија, *Медитеранскиот контекст на македонското сликарство и таписерија*
Скопје, Музеј на град Скопје, *Скопје во делата на ликовните уметници*
Битола, Завод, Музеј, Галерија, *Слики од меѓународната и националната колекција од МСУ, Скопје*
Париз, Интернационален град на уметноста, *Седумдесет македонски творци*
Скопје, Уметничка галерија, *Седумдесет македонски творци*
**1997**
Љубљана, Mestna galerija, *12 современи македонски сликари* (изложба на македонската секција на AICA)
Загреб, Музејско галериски центар “Мимара”, *12 современи македонски сликари* (изложба на македонската секција на AICA)
Лондон , River Side Studio, *12 современи македонски сликари* (изложба на македонската секција на AICA)
**1998**
Скопје, Уметничка галерија, *Од ризницата на Уметничката галерија Скопје*
**2000**
Скопје, Уметничка галерија, *Национална поставка*
Скопје, Музеј на современата уметност, *Донации-аквизиции 1987-2000*
**2000/01**
Скопје, Музеј на современата уметност, *Преобразби, Модалитети на македонското модерно и современо сликарство*
**2002**
Скопје, Музеј на современата уметност, *Париз –Скопје 1927-1966*
**2003**
Белград , Галерија Политика, *Спомен на великаните на македонското сликарство, Во гости на колекцијата на Тихомир Кондев*
Скопје, Музеј на современата уметност, *Изложба на дела од колекцијата на МСУ*
Скопје, Музеј на современата уметност, *Hommage, Избор од колекцијата на МСУ*
**2004**
Скопје, Ликовен салон МАНУ, *НОБ во делата на македонските ликовни уметници*
Скопје, Музеј на современата уметност, *Јубилејна поставка Музеј на современата уметност 1964-2004*
**2005**
Скопје, Музеј на современата уметност, *60 години од победата над фашизмот, Избор од колекцијата на МСУ*

## Изложени дела

**1.** *Фигура 6 (Figure 6)*, 1983,
комбинирана техника, 93 / 70,
сигн. и дат. г.д.: Mazev P 83

**2.** *Обединување (Union)*, 1983,
комбинирана техника, 48 65,
сигн. и дат. д.д.: Mazev 83

**3.** *Скок (Jump),* 1983,
масло на платно, 100 / 100,
сигн. и дат. д.д.: P. Mazev 83

**4.** *Човек кој чекори (Walking Man),* 1983,
масло на платно, 100 / 100,
сигн. и дат.: г.л: Mazev P 83

**5.** *Жена која се одмара (Resting Woman)*, 1985,
комбинирана техника, 70 / 100, б.с.

**6.** *Куртизана 2 (Courtesan 2),* 1985,
комбинирана техника, 77 / 59,
сигн. г.л.: Mazev P. 85

**7.** *Композиција со зелено (Composition in Green)*, 1987,
комбинирана техника, 72 / 50,
сигн. и дат. д.д.; *P. Mazev* 87

**8.** *Цртеж со црвена насмевка (Drawing with a Red Smile),* 1987,
комбинирана техника, 72 / 51,
сигн. и дат.г.д.: P. Mazev 87

**9.** *Метеж (Riot),* 1987,
комбинирана техника, 72 / 51,
сигн.и дат. д.д.: P. Mazev 87

**10.** *Жена во црно (Woman in Black),* 1987,
комбинирана техника, 72 / 51,
сигн. и дат.: д.л: P Mazev / 87

**11.** *Глава на старец (Head of an Old Man)*, 1987,
комб. техника , 72 / 50,
сигн.д.д.: P. Mazev 87

**12.** *Мрежа (Net)*, 1987,
комбинирана техника, 72 / 51,
сигн. д.д.: P. Mazev 87

**13.** *Слика 1 (Painting 1),* 1987,
масло на платно, 60 / 50,
сигн. и дат. д.д.: Mazev P. 87

**14.** *Слика 1 A (Painting 1A),* 1987,
масло на хартија, 65 / 47,
сигн. и дат. г.л.: Mazev P 87

**15.** *Љубов 5 (Love 5),* 1989,
масло на платно, 200 / 200,
сигн. и дат.: г.д: Mazev P / 87

**16.** *Љубов 8 (Love 8)*, 1989,
масло на платно, 200 / 200,
сигн. и дат.: г.л: Mazev P / 89

**17.** *Без наслов 1 (Untitled 1)*, 1989,
масло на платно, 60 / 50,
сигн. и дат. д.д.: 89/ Mazev P

**18.** *Без наслов 2 (Untitled 2),* 1989,
масло на платно, 65 / 65,
сигн. д.л.: P Mazev

**19.** *Каријатида (Caryatid),* 1989,
масло на платно, 220 / 60,
сигн. и дат.десно средина: Mazev P / 89

**20.** *Карма (Carma),* 1989,
масло на платно, 150 / 130,
сигн. и дат. г.д.: Mazev P. 89

**21.** *Вертикала (Verticale),* 1989,
масло на платно, 245 / 115,
сигн и дат.: десно кон средината: P. Mazev / 89

**22.** *Композиција 11 (Composition 11)*, 1989,
масло на платно, 200 / 200,
сигн. и дат. д.д.: Mazev P. 89

**23.** *Композиција 12 (Composition 12),* 1989,
масло на платно, 200 / 200,
сигн. и дат. г.л.:P. Mazev / 89

**24.** *Во чест на син ми Коце (Hommage to My Son Koce)*, 1990,
масло на платно, 130 / 100, б.с.

**25.** *Оплакување (Pieta)*, 1990,
масло на платно, 135 / 250, б.с.

**26.** *Без наслов 3 (Untitled 3),* 1990,
масло на платно, 60 / 50, сигн. г.л.: P. Mazev

**27.** *Двајца (Couple),* 1990,
масло на платно, 100 / 100,
сигн и дат. г.л.: Mazev P. 90

**28.** *Кловнови (Clowns),* 1990,
масло на платно, 130 / 100,
сигн. и дат. горе кон средината: Mazev P. 90

**29.** *Без наслов 4 A (Untitled 4 A)*, 1991,
масло на платно, 60 / 50, б.с.

**30.** *Без наслов 4 Б (Untitled 4B),* 1991,
масло на платно, 140 / 110,
сигн. и дат. г.л.: Mazev P 91,
сопств. Стојан Павлески, Скопје

**31.** *Без наслов 4 (Untitled 4)*, 1991,
масло на платно, 60 / 50,
сигн и дат. долу средина: Mazev P. 91

**32.** *Човек кој оди 2 (Walking Man 2),* 1991,
масло на платно, 140 / 112,
сигн.и дат. г.д.: Mazev P. 91

**33.** *Другари (Friends),* 1991,
масло на платно, 140 / 112,
сигн. и дат. г.д.: Mazev P. 91

**34.** *Собир (Group),* 1991,
масло на платно, 110 / 105,
сигн. д.л.: Mazev P.

**35.** *За син ми (For my Son),* 1991,
масло на платно, 200 / 130, сигн. л. средина:
П. К. Мазев

***36.*** *Без наслов 5 (Untitled 5),* 1991,
масло на платно, 60 / 50,
сигн. и дат. д.л.: P. Mazev 91
***37.*** *Без наслов 6 (Untitled 6)*, 1991,
масло на платно, 60 / 50,
сигн. д.д.: Mazev P.
***38.*** *Црвенокоса 2 (Red-haired Woman 2),* 1991,
масло на платно, 60 / 50,
сигн. и дат. г.д.: P. Mazev 91
***39.*** *Без наслов 8 (Untitled 8),* 1991,
масло на платно, 60 / 50,
сигн. и дат. г.д.: Mazev P. 91
***40.*** *Птица (Bird)*, 1991,
масло на платно, 60 / 50,
сигн. и дат. д.д.: Mazev P. 91
***41.*** *Старец со брада (Bearded Old Man),* 1991/92,
масло на платно, 60 / 50, б.с.
***42.*** *Оплакување 2 (Pieta 2),* 1992,
комбинирана техника, 65 / 48,
сигн.д.л.: Mazev P.
***43.*** *Три фигури (Three Figures),* 1992,
масло на платно, 100 / 130,
сигн и дат.д.л.: Mazev P. 92
***44.*** *Без наслов 9 A (Untitled 9 A)*, 1992,
масло на платно, 60 / 50,
сигн. д.л.: Mazev P
***45.*** *Дојрански триптих (Dojran Triptych),* 1993,
масло на платно, 80 / 234,
сигн и дат. средина долу: Mazev P. 93
***46.*** *Дете (Child)*, 1993,
масло на платно, 100 / 80,
сигн. и дат. д.д.: 93/ Mazev P.
***47.*** *Дојран 1 (Dojran 1),* 1993,
масло на платно, 60 / 50,
сигн и дат. лево средина: Mazev P. 93
***48.*** *Без наслов 9 Б (Untitled 9B),* 1993,
масло на платно, 60 / 50,
сигн. и дат. г.л.: Mazev P.  93
***49.*** *Без наслов 9 (Untitled 9),* 1993,
масло на платно, 130 / 100,
сигн. и дат. г.л.: Mazev P. 93
***50.*** *Без наслов 10 (Untitled 10),* 1993,
масло на платно, 60 / 50,

***1.*** *Фигура 6 (Figure 6)*, 1983, комбинирана техника







***3.*** *Скок (Jump),* 1983, масло на платно
***4.*** *Човек кој чекори (Walking Man),* 1983, масло на платно



*5. Жена која се одмара (Resting Woman)*, 1985, комбинирана техника

*На стр. 16 и 17:*
***8.** Цртеж со црвена насмевка (Drawing with a Red Smile)*, 1987, комбинирана техника

***6.** Куртизана 2 (Courtesan 2)*, 1985, комбинирана техника



P. Maren 87







**9.** *Метеж (Riot)*, 1987, комбинирана техника

**10.** *Жена во црно (Woman in Black)*,1987, комбинирана техника





**11.** *Глава на старец (Head of an Old Man)*, 1987, комбинирана техника

**12.** *Мрежа (Net)*, 1987, комбинирана техника



***14.*** *Слика 1 А (Painting 1A)*, 1987,
масло на хартија



***15.** Љубов 5 (Love 5),* 1989, масло на платно



***16.** Љубов 8 (Love 8)*, 1989, масло на платно



***19.** Каријатида (Caryatid),* 1989, масло на платно



***18.*** *Без наслов 2 (Untitled 2),* 1989, масло на платно





**22.** *Композиција 11 (Composition 11)*, 1989, масло на платно

**23.** *Композиција 12 (Composition 12)*, 1989, масло на платно



**24**. *Во чест на син ми Коце (Hommage to My Son Koce)*, 1990, масло на платно



**25.** *Оплакување (Pieta)*, 1990, масло на платно



**27.** *Двајца (Couple),* 1990, масло на платно

***31.*** *Без наслов 4 (Untitled 4)*, 1991, масло на платно



***28.*** *Кловнови (Clowns)*, 1990,
масло на платно

***30.*** *Без наслов 4 Б (Untitled 4B)*, 1991,
масло на платно







***32.*** *Човек кој оди 2 (Walking Man 2),* 1991, масло на платно

***36.*** *Без наслов 5 (Untitled 5),* 1991, масло на платно





***35.*** *За син ми (For my Son),* 1991, масло на платно

***34***. *Собир (Group),* 1991, масло на платно





**37.** *Без наслов 6 (Untitled 6)*, 1991, масло на платно



***38.** Црвенокоса 2 (Red-haired Woman 2),* 1991, масло на платно



***42.** Оплакување 2 (Pieta 2),* 1992,
комбинирана техника





***44.*** *Без наслов 9 А (Untitled 9 A)*, 1992,
масло на платно
***41.*** *Старец со брада (Bearded Old Man),* 1991/92,
масло на платно



**45.** *Дојрански триптих (Dojran Triptych),* 1993, масло на платно



***46.*** *Дете (Child)*, 1993, масло на платно





***47.*** *Дојран 1 (Dojran 1),* 1993, масло на платно



***48.*** *Без наслов 9 Б (Untitled 9B),* 1993, масло на платно

***50.*** *Без наслов 10 (Untitled 10),* 1993, масло на платно



## The Painting as Sacrifice Object or Paintings Bleeding

"Culture has always been beyond-national"
Robert Musil, Essais, Seuil, Paris

Immediately after the years when Petar Mazev left the physical context of our environment there was silence or a sign of satiety with his imposing artistic presence. A time distance was required to reconsider, reexamine, reevaluate his abundant opus and his constant influence on the artistic happenings in Macedonia.

